# ИЗВЕШТАЈ

од Самоевалуација на ООУ „ Д-р. Трифун Пановски“ Битола

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161 од 05.08.2019 година) Општинското основно училиште „Д-р. Трифун Пановски“ Битола изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022-2024 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 30.05.2024 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

1. Лидија Поповска – одделенски наставник
2. Теодора Трифуновска- стручен соработник/ психолог
3. Атанас Христов – член од Совет на родители
4. Марија Цветановска – одделенски наставник
5. Ленче Илиевска – одделенски наставник

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот мај-јуни 2024 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | 1. Тања Николовска- координатор<br>2. Весна Талевска<br>3. Цветанка Љамчевска<br>4. Гордана Котевски |

| | |
|---|---|
| 2. Постигања на учениците | 1. Теодора Трифуновска- координатор<br>2. Мери Атанасовска<br>3. Ирена Николовска<br>4. Марија Цветановска |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | 1. Николина Врџовска- координатор<br>2. Васка Белокозовска<br>3. Валентина Стефановски<br>4. Емилија Николовска |
| 4. Управување и раководење | 1. Слободан Ристевски- координатор<br>2. Лидија Поповска<br>3. Ленче Илиевска<br>4. Бистра Костовска |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 20.06.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

## Подрачје 1: Планирање, настава и учење

**Опис/резиме на подрачјето**

Изворот на ова подрачје е педагошката документација на секој наставник: годишни, развојни, тематски процесни планирања кои ги доставуваат до стручна служба и директорот пред почетокот на секоја училишна година. Планирањата се според насоките од МОН и БРО , истите се проверуваат и се додаваат во професионалното портфолио на секој наставник. Во планирањата се вметнуваат актуелните проекти, како и инклузивни програми според потребите на учениците. Исто така од спроведените анкетни прашалници со ученици, родители и наставници и интервју со стручната служба.

**Силни страни**

Директорот и стручната служба ги следат планирањата на наставниците според утврдени процедури за поддршка и следење на планирањата;

➢ Постои заемна соработка , размена на искуства и идеи на ниво на стручни активи.

➢ Во соработка со инклузивниот тим, наставниците имаат изработено ИОП-и за учениците со ПОП .

➢ Постапката за слободни изборни предмети се спроведува според насоките од водичот за Слободни изборни предмети издаден од БРО. Не постои родова и етничка поделеност во училиштето;

Наставниците редовно одржуваат воннаставни активности според планирањата. Придобивките од воннаставните активности се освоените награди, пофалници, дипломи и афирмацијата на училиштето.

➢ Наставниот кадар користи разновидни техники и методи со кои ги препознава и води грижа за образовните потреби на секој ученик и нивните стилови на учење. За поефикасно решавање на проблемите со учењето на учениците се водат индивидуални разговори со родителите;

➢ Користење на различни ресурси за учење и настава и приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми

➢ Секој наставник во текот на целата учебна година ги следи постигнувањата на учениците, планираа и превземаа конкретни активности за постојано подобрување.

➢ Наставниците користат различни инструменти и методи за оценување на напредокот на учениците .

➢ Наставниците имаат позитивен и професионален однос кон учениците и родителите

➢ Наставниците кон сите ученици се однесуваат еднакво независно од полот, социјалното потекло и етичката припадност

Училиштето е безбедна и мотивирачка средина за учениците

**Слаби страни**

- Поголемо и навремено учество на наставниците на обуки, семинари, курсеви, проекти и дисеминација
- Учениците имаат потреба од поголем пристап при користење на различни материјали и ресурси за учење
- Активно вклучување на сите ученици во наставата (поставуваме, прашања, дискутираме, работиме во групи).

**Приоритети**

- Поголемо учество на наставниците на обуки, семинари, курсеви, проекти и дисеминација
- Обезбедување на поголем пристап и користење на различни материјали и ресурси за учење
- Активно вклучување на сите ученици во наставата

## Подрачје 2: Постигања на учениците

**Опис/резиме**

• Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди

• Резултати од екстерни тестирања

• Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост

• Редовност во наставата

• Советување родители/старатели и ученици

• Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава Известување на родителите/старателите за постигнувањата на учениците.

Од погоре изложеното може да се заклучи дека општиот успех на учениците е доста висок и има тенденција да се задржува од една до друга учебна година без значајно статистичко намалување, исто така и по одделни наставни предмети имаме генерално висок успех. Според добиените резултати може да се заклучи дека оценувањето е континуиран процес во текот на целата година, учениците и родителите сметаат дека оценувањето е реално и соодветно на постигањата на учениците, оценувањето е транспарентно и учениците и родителите навремено се информираат и се во тек со постигањата на нивните деца, но малку се зема во предвид мислење на учениците за нивниот сопствен напредок, како и забелешките на родителите во врска со вреднувањето на постигањата на учениците и подобрување на квалитетот на наставата. Училиштето има развиен систем и политика за идентификација и поддршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето, како и испраќање на учениците во соодветни институции, каде може да добијат помош од логопед, психолог, а истото се решава во соработка со родителите. Исто така за надарените ученици постојат идентификациони листи за првично препозанвање. Со

овие ученици се работи преку повеќе форми на настава на пример додатна настава, слободни ученички активности, ангажирање во натпревари  и сл. Бројот на изостаноци е голем, најчесто поради ученици кои се отселуваат во странство без преведница, мал дел на ученици континуирано не посетуваат настава.Родителите и учениците кои исполнуваат еден од трите услови ( нередовно посетување на настава, слаб училишен успех или несоодветно однесување во училиште) редовно се повикуваат нна советување и се јавуваат на добиената покана. Релативно е мал бројот на ученици кои посетуваат дополнителна и додатна настава.

**Силни страни**

- Советувањето на родители влијае на подобрување на успехот на учениците, бројот на родители и ученици кои исполнуваат услов да бидат повикани на советување поради слаб училишен успех се намалува.
- Училиштето има добра пракса за пофалување на постигнатиот успех на учениците , пропишана со Правилник за награди и пофалби на ученици

**Слаби страни**

- Мал број на ученици посетуваат дополнителна и додатна настава
- 41‰ од учениците сметаат дека оценувањето е праведно

**Приоритети**

- Да се подобри посетеноста на дополнителната и додатната настава
- Да се подобри транспарентноста во оценувањето, учениците да имаат увид во начинот на кој се формира оцената, како и критериумите и условите што треба да се исполнат за секоја оцена.

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

**Опис/резиме**

Имиџот на училиштето е на високо ниво и изграден преку реализирана квалитетна настава и реализација на бројни вонnаставни активности.Училиштето има јасна формирана мисија и визија и претставува средина за учење со јасни и високи очекувања во однос на постигањата,редовноста и дисциплината на учениците.Во училиштето постојат и се почитуваат Кодекс на однесување, Куќен ред.Меѓу вработените во училиштето постои професионална соработка и тимска работа која придонесува за постоење на добра атмосфера.Во училиштето се применува Правилник за изрекување на педагошки мерки а за поведението и дисциплината на учениците се грижат сите наставници,стручната служба и останатите вработени во училиштето за време на наставата и вонnаставните активности е присутна работна атмосфера.

Учениците се активно вклучени во донесувањето одлуки и решавањето проблеми.Училиштето ги поттикнува учениците да ги осознаваат своите права и да ги заштитуваат во случај на нивно нарушување.Учениците се горди на своето училиште и го доживуваат како свој втор дом.Се негува родовата сензитивност и мутикултурализмот,се поддржува инклузивноста и се зајакнува партиципацијата на учениците ,родителите и заедницата во училиштето.

Училиштето користи ефективни методи за комуникација и соработка со родителите.Постои одлична соработка на училиштето со општината и урбаната заедница.

Во училиштето континуирано се спроведуваат различни активности за превенција и заштита од насилство,заштита од пушење,алкохол и дрога,заштита на здравјето,хигиена и заштита од болести.

Училиштето се грижи за учениците од социјално загрозени семесјства,учениците со здравствени проблеми и социо-емоционалната состојба на учениците.Училиштето дава помош при изборот за продолжување на образованието на учениците.

**Силни страни**

- имиџот на училиштето е на високо ниво
- во училиштето постои професионална соработка на наставниците
- училиштето добро се справува со дисциплината и поведението на учениците
- во училиштето се применува правилникот за изрекување педагошки мерки со кои се регулира поведението и изостанувањето на учениците
- вработените внимателно и авторитетно се справуваат со проблемите во однос на дисциплината и редовноста
- учениците во училиштето имаат можност да учествуваат во донесувањето одлуки и решавањето проблеми преку функционирање на училишната заедница и одделенските часови
- во училиштето се почитуваат правата на децата и се заштитуваат во случај на нивно нарушување
- училиштето има еднаков и правичен третман кон своите ученици
- сите ученици без разлика на возраста,полот,социјалниот статус,националноста и слично уживаат еднакви права
- родителите се добредојдени и одлично прифатени во училиштето како активни чинители во воспитно образовниот процес на учениците
- постои одлична соработка на училиштето со Општината и локалната заедница , деловниот сектор и невладините организации
- безбедноста на вработените и учениците е на високо ниво
- за учениците од социјално загрозени семсјства се води посебна грижа преку организации на бројни хуманитарни акции

**Слаби страни**

- делумно спроведување на механизмите и процедурите при прекршување на кодексот на однесување во дадени ситуации
- недоволни активности за тимската работа во училиштето
- недоволна вклученост на родителите при креирање и донесување на кодексот на однесување
- недоволно работилници на наставниците за запознавање на родителите со правата на децата
- недоволна вклученост на родителите на учениците со послаб успех

- недоволна вклученост на сите наставници во соработката со локалната заедница
- недоволно работилници на сите наставниците за превенција и заштита од пушење,алкохол и дрога
- недостаток на организирана исхрана на сите ученици во рамките на училиштето

**Приоритети**

- целосно спроведување на механизмите и процедурите при прекршување на кодексот на однесување во дадени ситуации
- зголемување на тимската работа во училиштето
- повеќе работилници на наставниците за запознавање на родителите со правата на децата
- поголема вклученост на родителите на учениците со послаб успех
- поголема вклученост на сите наставници во соработката со локалната заедница
- организирана исхрана на сите ученици во рамките на училиштето

## Подрачје 4: Управување и раководење

**Опис/резиме**

Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и статутот на училиштето. Постои и деловник за работа на УО во кој јасно се дефинирани надлежностите за управување и е изработен согласно статутот на училиштето.

Раководниот орган има јасна визија за работата на училиштето. Има партнерски однос, соработува и раководи со: наставниот кадар, стручните органи и тела, локалната средина, локалната самоуправа, владини и невладини организации.

Од програматаза работа на директорот се согледува транспаретноста на работата на директорот и фунционирањето на училиштето, јасно дефинирани цели и задачи на работењето на директорот во секторот на раководење со материјално-техничките средства, финансиските и други средства со кои располага училиштето, како и со раководењето на човечките ресурси и јасно дефинирана политика во поглед на соработката со родителите, како и со локалната самоуправа и заедница.

Целите на училиштето се во согласност со образовната политика преку инкорпорација на Законот за основно образование, Статутот на ОУ и останатите подзаконски акти кои ги носи МОН. Наставниците секогаш се навремено известени за одржување на состаноците на Наставничкиот совет преку соопштенија на огласна табла, на кои однапред е утврден дневниот ред на состаноците. Со овие состаноци раководи директорот на училиштето.

Советот на родители е составен од родители на ученици од I до IX одделение. Тој е активен учесник во креирање на политиката на училиштето.

Училиштето е отворено за разновидни инцјативи покренати од: воспитно образовниот кадар, учениците, родителите и локалната средина, а се во соглсност со законските прописи и сите други видови на планирања во училиштето.

Во училиштето постои план за развој. Во него се опишани целите кои се јасни и во склад со мисијата, визијата и вредностите на училиштето.

Во Годишната програма за работа на училиштето е дефинирано јасно јазичната и уписната политика на училиштето. Во неа дефинирана е соработката со родителите и локалната средина преку учество на спортски натпревари, саеми, претстави, посети на предучилишни установи , предавања, дебати и сл. како и соработка на училиштето со основни и средни училишта во градот и надвор од него.

Училиштето редовно изработува проекти со истите аплицира и со добиените средства врши подобрување и осовременување на инфраструктурата во училиштето имајќи ги во предвид зацртаните приоритети.

**Силни страни**

- Наставниците се информирани за резултатите што треба да се постигнат со Развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање.
- Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите при донесувањето одлуки.
- Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите при донесувањето одлуки.
- Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите при донесувањето одлуки.
- Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите при донесувањето одлуки.
- Наставниците учествуваат во интерни и екстерни обуки и професионално се усовршуваат.
- Директорот и стручните соработници континуирано ја следат реализацијата на наставата и добиваат конструктивна повратна информација.
- Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците.
- Финанасиското работење на училиштето е транспарентно за наставниот кадар, УО, родителите, како и за другите засегнати страни.
- Училиштето ги поттикнува родителите активно да се вклучам во различните активности во училиштето .
- Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки.

Родителите се задоволни од работата на наставниот кадар во училиштето кој е квалитетен и компетентен.

**Слаби страни**

| |
|---|
| - Училиштето го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности според финансиските можности, но недоволно бидејќи секогаш може повеќе и подобро.<br><br>- Потреба од инфрастурни зафати како реновирање на кров, фасада, спортско игралиште, училишниот двор, спортска сала како и подобрување на условите за работа во кабинетите. |
| **Приоритети**<br><br>За да имаме квалитетно образование и ако го следиме модерното време, континуирано треба да се вложува во развојот на училишната инфраструктура и создавање на привлечна училишна клима.Поради тоа главни приоритети на училиштетето се крупни унфраструктурни проекти како :<br><br>- Санација на кровната конструкција, фасада , поставување на фотоволтаици за енергетска ефикасност , изградба на спортска сала , уредување на спортските терени и училишниот двор , опремување и осовременување на кабинетите , санација на подовите и др.<br>- Преземање на активности и проекти кои придонесуваат за унапредување на условите за учење и работа во училиштето. |

## Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

- Поголемо учество на наставниците на обуки, семинари, курсеви, проекти и дисеминација
- Активно вклучување на сите ученици во наставата

- Да се подобри транспарентноста во оценувањето, учениците да имаат увид во начин от на кој се формира оцената, како и критериумите и условите што треба да се исполнат за с екоја оцена.

- Подобрување на тимската работа во училиштето

- поголема вклученост на сите наставници во соработката со локалната заедница
- организирана исхрана на сите ученици во рамките на училиштето

---

- Преземање на инфраструктурни зафати кои ќе придонесат за унапредување на условите за учење и работа во училиштето

Комисија за спроведување на СЕУ:

1. Лидија Поповска________________________
2. Теодора Трифуновска__________________________
3. Атанас Христов _______________________________
4. Марија Цветановска __________________________
5. Ленче Илиевска ______________________________